**<u>Предмет: И.бр. 1523/2017</u>**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање, прво по ред, на недвижностите означени како:

**1.** Недвижен имот – Деловен простор во Скопје, ДТЦ Палома Бјанка, со површина од 32м2, запишан во **Имотен лист број 41810 за КО Центар 1,** опишан како:
- КП број 11949, дел 0, Викано место/улица Д.Груев, број на зграда 1, намена 570, влез 1, кат 3, број 14, со внатрешна површина од 32м2.
Почетната вредност на недвижноста, изнесува **2.953.440,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

**2.** Недвижен имот – Деловен простор во Скопје, ДТЦ Палома Бјанка, со површина од 18м2, запишан во **Имотен лист број 49021 за КО Центар 1,** опишан како:
- КП број 11949, дел 0, Викано место/улица Д.Груев, број на зграда 1, намена 570, влез 1, кат 3, број 8, со внатрешна површина од 18м2
Почетната вредност на недвижноста, изнесува **1.661.310,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

**3.** Недвижен имот – Деловен простор во Скопје, ДТЦ Палома Бјанка, со површина од 16м2, запишан во **Имотен лист број 47558 за КО Центар 1,** опишан како:
- КП број 11949, дел 0, Викано место/улица Д.Груев 16/1-7, број на зграда 1, намена 570, влез 1, кат 3, број 7, со внатрешан површина од 16м2.
Почетната вредност на недвижноста, изнесува **1.476.720,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **13.03.2018 година во 10:00 часот во просториите на извршителот Гордан Станковиќ** на Ул. Петар Попарсов бр. 36А, Скопје (телефон 3 239 631, 3 216 909).

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

Предметните недвижности се оптоварени со следните товари и службености: хипотеката која се извршува.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста за која се пријавиле да наддаваат, и тоа најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот **Гордан Станковиќ** од Скопје со бр. **530-0109006485-22,** депонент на Охридска Банка АД Скопје, даночен број 5030006240628, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата. Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците

на новата продажба  и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој Оглас ќе се објави во следните средства за јавно информирање: **Нова Македонија.**






